Република Северна Македонија

**Министерство за локална самоуправа**

18 - 1312/3 12-05-2026

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот "Македонски центар за меѓународна соработка", ул. Никола Парапунов бр. 41А, 1000 Скопје поднесено на 27.04.2026 година по електронска пат, имателот на информацијата Министерството за локална самоуправа, го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

1. Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер од "Македонски центар за меѓународна соработка"**се уважува.**
2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Министерството за локална самоуправа од страна на "Македонски центар за меѓународна соработка" е доставено Барање во електронска форма. Со барањето се побарани податоци за:

„1.Поединечно доделени средства преку Министерството за локална самоуправа до крајните корисници од буџетска ставка 463 -Трансфери до невладини организации, во 2025 г. (Табела 1).

2. Поединечно доделени средства преку Министерството за локална самоуправа до крајните корисници- невладини организации од друга буџетска ставка (различна од 463- Трансфери до невладини организации), во 2025 г."

Министерството за локална самоуправа го разгледа Барањето во согласност со одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 101/2019) и Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 60/20). Барањето информации од јавен карактер е доставено во електронска форма, и согласно член 15 став 2 од Законот за

слободен пристап до информации од јавен карактер истото се смета за писмено барање од член 14 на истиот закон.

-Во однос на точка бр.1 Министерството за локална самоуправа ве известува дека Министерството, никогаш до сега, конкретно и во Буџетот за 2025 година, не располагаше со средства за поддршка на невладини организации од буџетска ставка 463-трансфери до невладини организации. Од тие причини во 2025 година Министерството за локална самоуправа нема реализирано трансфер на средства до невладини организации по овој основ.

-Во однос на точка бр.2, во 2025 година Министерството за локална самоуправа има реализирано трансфери на средства до невладини организации од буџетската ставка 464-разни трансфери, за кофинансирање на одобрени трошоци за реализација на проекти за прекугранична соработка, финансирани од ИПА Програмата на ЕУ.

Во Прилог ви доставуваме табела со невладини организации и трансферирани средства од буџетот на Министерството во 2025 година, поединечно, по основ на кофинансирање на проекти, финансирани од ИПА Програмата на ЕУ за прекугранична соработка.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**МИНИСТЕР**
**М-р Златко Перински**

Службено лице:
М-р Ели Чакар

Одобрил:
Државен секретар
М-р Јулијана Павковска Боцевска

Исплата на национално кофинансирање за проекти од ИПА и ИНТЕРРЕГ ИПА на невладини организации за 2025 година

ИПА МК-АЛ

| Назив на невладина организација и место | Износ во евра |
|---|---|
| Центар за граѓанска иницијатива Прилеп | 135 328,01 |

ИНТЕРРЕГ ИПА III МК-БГ

| Назив на невладина организација и место | Износ во евра |
|---|---|
| Центар за развој и промоција Промо Идеја Струмица | 2 854,23 |
| Регионален Центар за застапување Делчево | 1 232,00 |
| Туристички сојуз Струмица | 1 060,76 |
| Фондација за локален развој и развој на информатички технологии Гевгелија | 4 316,32 |
| Извор Кратово | 723,17 |

ИНТЕРРЕГ ИПА МК-ГР

| Назив на невладина организација и место | Износ во евра |
|---|---|
| Лајфстарт Битола | 2 131,6 |

ИПА МК-КС

Нема исплати за невладини организации

ИПА МК-РС

| Назив на невладина организација и место | Износ во евра |
|---|---|
| Центар за управување со знаење Скопје | 12 577,04 |
| Асоцијација за развој на нови опции АРНО Скопје | 4 664,61 |
| Ловечко друштво Славишко поле Ранковце | 7 930,15 |

Вкупна исплата на национално кофинасирање по програми

| МК-АЛ | МК-БГ | МК-ГР | МК-КС | МК-РС | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 135 328,01 | 10 186,48 | 2 131,6 | / | 25 171,8 | 172 817,89 |

Вкупен износ за исплата на национално кофинансирање за проекти од ИПА и ИНТЕРРЕГ ИПА на невладини организации за 2025 година е 172 817,89 евра.